Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

www.romalitico.org

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

Изминатата 2021 година беше година на организациски и проектен раст и развој на Институтот Ромалитико.



## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

**Зголемување на политичкото претставување на Ромите и обезбедување добро владеење на избраните функционери**

- *Искористување на фондовите (државниот буџет и финансирање на ЕУ) за директна поддршка на ромската заедница*
- *Остварување на правата на ромската заедница загарантирани со Охридскиот Рамковен Договор*
- *Канализирање на приоритетите на Ромите во националната и ЕУ агендата преку таргетирани и меинстрим јавни политики*
- *Сензитивизирање на националните и локалните институции за антициганизмот*

## РЕЗУЛТАТИ

- Отворена нова национална канцеларија во Скопје
- Отворени 14 хабови во различни општини
- Ангажирани околу 80 теренски соработници во рамки на проектите
- Потпишани 19 меморандуми за соработка
- Организирани над 10 настани
- Спроведени над 6 кампањи на социјалните мрежи
- Подготвени над 8 анализи
- Организирани над 30 состаноци со институции и градоначалници
- Преку Аваја, организирани 2 протести во Скопје
- Спроведена активна Попис кампања 2021
- Активно следење на случаите на полициска бруталност
- Поднесени 14 петиции за буџетска алокација
- Поднесени предлози во Владата за 2022
- Поднесени предлог заложби до Амбасадата на САД
- Нотирани забелешки во ЕУ прогрес извештајот
- Директна вклученост во изработка на Стратегијата за Ромите
- Информирани над 900 лица за активните мерки за вработување
- Поддржани 16 Роми во изработка на бизнис планови
- Информирани 640 Роми за јавни сервиси
- Директно поддржани 87 Роми за различни случаеви
- Идентификувани 306 случаеви на легализација (109 со решен и 197 со нерешен статус)

## СОДРЖИНА


2 Воведен говор на извршниот директор
3 Организациска поставеност
4 Тим на Ромалитико
6 Водечки проекти на Ромалитико
7 Фокус за 2021 година
9 Влијание врз политики
13 Анализи, истражувања и слично
14 Меморандуми за соработка
14 Настани
17 Кампањи
19 Протести
19 Присуство на медиуми






## МИСИЈА

**Мисијата на Ромалитико е да промовира динамично општество преку анализи, истражување базирани на докази и застапување за влијание врз јавните политики, односот и моќта и распределба на ресурсите за Ромите во Република Северна Македонија и Европа.**

## ВИЗИЈА

**Визијата на Ромалитико е да се стреми да ја предизвика статус-кво состојбата и да ја унапреди положбата на Ромите во Европа.**



# ВОВЕДЕН ГОВОР

## НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР ЕЛВИС ШАЌИРИ

Изминатата 2021 година беше година на организациски и проектен раст и развој на Институтот Ромалитико. Во текот на 2021 година активно се спроведуваа активности од вкупно 4 водечки проектни, вклучувајќи ги и помалите ангажмани на Ромалитико.

Растот на Ромалитико резултираше со отворање на нова канцеларија во Скопје, со зголемување на тимот на Ромалитико, воспоставување на административно – финансиска канцеларија, отворање на локални хабови и ангажирање на теренски соработници. Нашиот успех, заедно со нашите партнери, е креирање на структура на соработници кои се во постојана комуникација со нашата заедница. Преку имплементацијата на проектите, целокупното функционирање на Ромалитико издвојува организиран и стратешки пристап кој овозможува застапување на потребите на Ромите пред различни фактори и директна комуникација со заедницата преку информирање и нудење на услуги. Работната година беше особено важна за формализирање на локалната структура која продолжува да ја имплементира стратешката определба на Ромалитико.

Покрај организацискиот развој, 2021 година беше и година на значајни настани и теми на национално ниво, како што е кампањата попис, развојот на случувањата со полициската бруталност, локалните избори и подготовката на новата Стратегија за Роми.

Кон сите споменати настани и теми Ромалитико имаше свој организиран пристап. Нашите препораки за политики и предлози за менување на политиките продолжуваат да бидат прифатени од страна на институциите. Ромалитико пред институциите, меѓународните фактори, заедницата и медиумите ја зајакна својата положба и продолжува да биде лидер во предлагањето и креирањето на политики за Роми во Северна Македонија.

Во текот на 2022 година очекуваме нашите структури да продолжат да делуваат стратешки на терен, да креираме зајакната комуникација со заедницата и очекуваните мрежи и да имаме искористеност на ресурсите со цел постигнување на најдобри резултати за заедницата.

**Со почит,**
**Елвис Шаќири**
**Извршен директор**



# ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Изминатата 2021 година беше година на организациски и проектен раст и развој на Институтот Ромалитико.

## СОБРАНИЕ

Во текот на 2021 година, Собранието на Ромалитико одржа две средби. Првата средба се одржа на 25 февруари 2021 година. На оваа средба Ромалитико ги направи следните промени:

- Промена на седиштето на организацијата
- Статутарно уредување на дигиталното работење
- Регулирање на членството во организацијата
- Уредување на делувањето во итно случаеви

Втората средба на Собрание се одржа на 29 септември 2021 година. На оваа средба се презентираше работата на Ромалитико спроведена во текот на 2021 година, се презентираа новите проекти на USAID и се дискутираше работата на Ромалитико во пошироки размери.

### ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**СОБРАНИЕ**

Силхан Саитов
Аријета Тахири
Асиб Зекир
Елсон Иљаз
Акиф Кариман
Сањије Ибраими
Мирсада Шабани
Марија Сулејманова
Суад Скендери
Алберт Мемети
Дениз Селмани
Елвис Шаќири
Надире Реџепи

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

Елвис Шаќири

**УПРАВЕН ОДБОР**

Силхан Саитов
Марија Сулејманова
Елвис Шаќири

**СОВЕТОДАВЕН ОДБОР**

Ебен Фридман
Маргарета Матаче
Себијан Фејзула
Исмаел Кортез
Диана Улиана Пирјол

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАСТ

### ПРОШИРУВАЊЕ НА ТИМОТ НА РОМАЛИТИКО

Во текот на 2021 година започна официјално имплементацијата на „ROMACTED II Phase Programm“ и на проектот на УСАИД – „Заедно за просперитетна заедница“. Воедно, имплементацијата на “Проект на УСАИД за инклузија на Ромите“ ги започна своите активности на терен. Со имплементирањето на овие нови проекти, тимот на Ромалитико се прошири при што вкупниот број на вработени изнесува 16 вработени.

Во текот на 2021 година Ромалитико креираше административно-финансиска канцеларија задолжена за административното и финансиското функционирање на организацијата која се состои од двајца финансиски менаџери и еден административен соработник.

### ОТВОРАЊЕ НА НОВА КАНЦЕЛАРИЈА НА РОМАЛИТИКО

Со почетокот на имплементацијата на новите проекти и проширувањето на тимот, Ромалитико отвори и втора национална канцеларија во Скопје.

- Канцеларија I – Аминта Трети 33А 1-25, Скопје
- Канцеларија II – Никола Тримпаре 12/1-2-9, Скопје

www.romalitico.org



# ТИМ НА РОМАЛИТИКО

Растот на Ромалитико резултираше со отворање на нова канцеларија во Скопје и со зголемување на тимот на Ромалитико.



### ЕЛВИС ШАЌИРИ
**Извршен директор**



### МАРИЈА СУЛЕЈМАНОВА
**Програмски Менаџер - Право**



### АЛБЕРТ МЕМЕТИ
**Програмски Менаџер - Економија**



### ДЕНИЗ СЕЛМАНИ
**Програм менаџер – Локална демократија**



### СУАД СКЕНДЕРИ
**Програмски Менаџер - Политика**



### СИМОНА СИМОВА
**Финансиски асистент**



### МЕРСИХА УСЕИН
**Контакт точка на РОМАКТЕД II програмата**



### КРИСТИНА ИЛИЕВСКА
**Административен соработник**



### МУХАМЕД АЈВАЗ
**Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)**



### СИБЕЛ АМЕТ
**Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)**



### ШЕНАС ИМЕР
**Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)**



### КЕНАН ТАИР
**Комуникациски офицер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите/ Заедно за просперитетна заедница)**



### ВЕРИЦА БОЈКОВСКА
**Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)**



### СЕЛИКА АЉИЉИ
**Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)**



### БЕКИМ МЕХМЕД
**Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)**



### ВИКТОРИЈА НИКОЛОВА
**Финансиски асистент (Заедно за просперитетна заедница)**

# ОТВОРАЊЕ НА ХАБОВИ ВО 14 ЛОКАЦИИ

Преку проектот на УСАИД за инклузија на Роми, Ромалитико во текот на 2021 година отвори вкупно 15 локални хабови.



| Канцеларија: | Маил: | Телефон: | Адреса: |
|---|---|---|---|
| Шуто Оризари | riashutoorizari@gmail.com | 075 35 57 41 | ул. Че Гевара бр. 53 |
| Велес | riavelesmk@gmail.com | 075 35 57 62 | ул. Јане Сандански бр. 30 |
| Гостивар | riagostivar@gmail.com | 075 35 57 24 | ул. Денче Дејаноски бр.14 |
| Виница | riavinica@gmail.com | 075 35 57 82 | ул. Ванчо Прќе бр. 1/3-12 |
| Неготино | rianegotinomk@gmail.com | 075 35 57 64 | ул. Маршал Тито бр. 1/1-22 |
| Струмица | riastrumica@gmail.com | 075 35 57 68 | ул. Киро Абрашев бр. 71 |
| Дебар | riadebarmk@gmail.com | 075 35 57 26 | ул. Вељко Влаховиќ бр. 1 |
| Кочани | riakochanimk@gmail.com | 075 35 57 81 | ул. Кеј на Револуцијата бр. 2/1-1 |
| Берово | riaberovo@gmail.com | 075 35 57 92 | ул. Борис Кидрич бр. 2 |
| Штип | riashtip@gmail.com | 075 35 57 63 | ул. Стојан Рибата бр.19 |
| Тетово | riatetovo@gmail.com | 075 35 57 21 | ул. Страшо Пинџур бр.76 |
| Куманово | riakumanovo@gmail.com | 075 35 57 61 | ул. Октомвриска Револуција бр. 1/1-49 |
| Прилеп | riaprilep@gmail.com | 075 35 57 34 | ул. Прилепски Бранители бр. 24/1 |
| Битола | riabitola@gmail.com | 075 35 57 32 | бул. 1-ви Мај бр. 61 |
| Радовиш | riaradovish@gmail.com | 075 35 57 84 | ул. Кеј 8-ми Септември бр.1/1 |

# ВОДЕЧКИ ПРОЕКТИ НА РОМАЛИТИКО

- Граѓанско општество за Интеграција на Ромите – во сенка
- Генерална поддршка и граѓанско општество за интеграција на Ромите – втора фаза
- Проект на УСАИД за инклузија на Ромите
- Заедно за просперитетна заедница
- ROMACTED II Phase Programm



Во рамки на проектот на УСАИД за инклузија на Ромите, Ромалитико заедно со партнерските организации кои се во имплементација на проектот, Романо Авази, РЕДИ и Ромаверзитас, воспостави структура од околу 40 теренски соработници во вкупно 20 општини со следните профили: мобилизатори на заедницата, бизнис консултанти и правни монитори



**ФОРМИРАНА ЛОКАЛНА СТРУКТУРА НА ПРОЕКТОТ ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА**

Во рамки на овој проект ангажирани се вкупно 24 консултанти кои покриваат 17 општини поделени на 8 региони. Во секој регион ангажирани се по 3 профили на консултанти: Консултант за бизнис и претприемништво, Консултант за заедница и дијаспора, и Алумни консултант. Целта на локалната структура е да воспостави одржливи системи за развивање на капацитетите на заедницата, така што заедниците ќе можат да планираат, финансираат и имплементираат решенија за сопствените развојни предизвици и приоритети. Во рамки на овој проект, партнери во имплементација на проектот се Романо Авази, РЕДИ и Ромаверзитас.



## ВОДЕЧКИ ПРОЕКТИ

### ГЕНЕРАЛНА ПОДДРШКА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ – ВТОРА ФАЗА

Главната цел на проектот е инклузија на Ромите во јавните политики во Република Македонија.

### ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

Целта на проектот е да се намали дискриминацијата кон Ромите и да се подобри нивната инклузија во општеството.

### ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА

Целта на проектот е да се подобри вклученоста и стандардот на живот на Ромите во ромските заедници во 17 општини во Северна Македонија.

### ROMACTED II PHASE PROGRAMM

Главната цел на проектот, според Повикот за предлози (CfP), е подобрување на локалната демократија, отчетност, инклузивност и одговорност кон ромските граѓани и подобрена испорака на услуги.



# ФОКУС ЗА 2021 ГОДИНА

- Граѓанско општество за Интеграција на Ромите – во сенка
- Генерална поддршка и граѓанско општество за интеграција на Ромите – втора фаза
- Проект на УСАИД за инклузија на Ромите
- Заедно за просперитетна заедница
- ROMACTED II Phase Programm

## ГЕНЕРАЛНА ПОДДРШКА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ – ВТОРА ФАЗА

- Мапирање на ромското население со цел креирање на кампања за попис
- Имплементирање на кампања за попис 2021
- Воспоставување на систем за внатрешно работење на канцелариите на Ромалитико
- Следење на актуелните случувања во државата, особено на овие кои директно ја таргетираат ромската заедница
- Подготовка на материјали за влијание врз јавните политики и закони

## ROMACTED II PHASE PROGRAMM

- Формирање на структура (15 Акциски Групи на заедницата, назначени 15 општински координатори, формирани 3 институционални групи)
- Поголема застапеност на жената Ромка во РОМАКТЕД структурата на локално ниво
- Зајакнување на капацитетите на Акциските групи на заедницата
- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација
- Потпишување на Меморандуми за соработка помеѓу Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политика и општините
- Зголемување на информираност за придобивките од вакцинирањето против КОВИД 19
- Поддршка во вклучување на заедницата во процесите на одлучување и креирање на политики на локално ниво.

## ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

- Формирање на проектен тим и креирање на потребната документација за имплементирање на проектот,
- Презентирање на проектот пред клучни институции со цел воспоставување на соработка
- Регрутирање на 40 теренски работници во 20 општини
- Имплементирање на Барвалипе школа за лидери
- Опремување на функционални локални хабови
- Започнување на кампањата "Спознај ги твоите права"
- Организирање на настан по повод 2ри август – денот на одбележување на Геноцидот врз Ромите

## ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА

- Оспособување на теренот за имплементација на проектот на локално ниво како обезбедување на поддршка од локалните самоуправи и воспоставување на локалната структура на проектот, која ќе покрива 17 општини групирани во 8 региони со ангажирани вкупно 24 локални консултанти.
- Креирање на потребната документација (Годишен план на активности, Стратегија за комуникација, План за мониторинг и евалуација и тн.),
- Уредување на односите со партнерските организации во интерен договор за партнерство
- Мобилизација на локални чинители во 17 општини (средби со локалните самоуправи и обезбедување на услови за соработка преку потпишување на меморандуми за соработка и средби претставници на заедницата на Роми на локално ниво од различни профили)
- Мапирање на приоритети на заедницата преку примарен и секундарен извор на податоци (директни форуми со заедницата и користење на деск истражување)

## ДРУГИ ПРОЕКТИ

- Промовирање на мултикултурно разбирање, помирување и прифаќање
- Образование на деца Роми за време на Ковид19
- Миграциски триалог на Балканот



# ФОКУС ЗА 2021 ГОДИНА

- Граѓанско општество за Интеграција на Ромите – во сенка
- Генерална поддршка и граѓанско општество за интеграција на Ромите – втора фаза
- Проект на УСАИД за инклузија на Ромите
- Заедно за просперитетна заедница
- ROMACTED II Phase Programm

















# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Попис
- 14 локални петиции за буџетска алокација
- Предлог програма наменета за Владата за 2022 година
- Организирани 17 средби со општините и заедницата
- Комуникација со меѓународните фактори
- Стратегија за Роми
- Македонскиот дигитален речник
- Етничка припадност во лични карти
- Правична застапеност
- Полициска бруталност
- Дадена поддршка на заедницата



## ПОПИС

Во текот на 2021 година тимот на Ромалитико, како дел од граѓанското движење Аваја работеше на кампања за попис 2021. Фокусот во текот на попис кампањата беше насочен кон:

- Информирање на ромското население за пописот и нивните права
- Мобилизирање на ромското население
- Комуницирање на сите случувања на терен поврзани со пописот
- Креирање и спроведување на кампања на социјалните и традиционалните медиуми
- Застапување на политики значајни за ромското населени во насока на пописот

Комуникацијата во текот на спроведувањето на кампањата се реализираше според подготвен план и стратегија базирана на мапирање и четири клучни пораки кои вклучуваа доверба, гордост, солидарност и храброст. Во текот на кампањата преку мониторинг активностите се пронајдоа недостатоци и манипулации на терен за што адекватно се реагираше, со соопштенија до јавност и официјални писма до различни организации и амбасади, како и реакции со соодветните институции. На последниот дел од пописот се организираше и прес пред Државниот Завод за статистика каде што се истакнаа манипулациите на терен. По завршувањето на пописот Ромалитико произведе сопствена евалуација во однос на спроведениот попис преку анкетирање на припадници на ромската заедница. Во евалуацијата се предложени мерки кои ќе се застапуваат во текот на 2022 година.

## СОРАБОТКА СО RCC ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАМПАЊА ЗА ПОПИС

Во текот на кампањата за попис се објавија две видеа со мотивациска содржина за ромската заедница. Првото видео, насловено “Горди Роми” ја презентираше разноликоста на ромската заедница, додека второто видео ги истакна вредностите на заедницата. Првото видео беше прикажано на Канал5 ТВ со што гледаноста достигна 1,752,026 гледачи.

## СОРАБОТКА СО ERIAC ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАМПАЊА ЗА ПОПИС

Заедно со Европскиот Ромски Институт за уметност и култура ERIAC од Берлин во рамки на попис кампањата креиравме заеднички визуелен кампањски идентитет, поделивме 15.000 флаери со информации за пописот и поставивме билборди на клучни локации со мотивациски пораки. Во соработка со Barvalipe Online University организиравме 7 емисии во живо за историја, јазик, култура, фолклор со учество на уметници, експерти, активисти и академици.

## 14 ЛОКАЛНИ ПЕТИЦИИ ЗА БУЏЕТСКА АЛОКАЦИЈА

Во текот на 2021 година од јануари до месец април, Ромалитико преку движењето Аваја подготви и достави 14 локални петиции за буџетска алокација. Од поднесените петиции, следните активности се прифатени од страна на општините:

- Општината Куманово го прифати предлогот за доделување на 50 таблети на ученици од социјално загрозени семејства за следење на онлајн настава со алоциран буџет во износ од 209.714 МКД. Општината Куманово исто така вработи двајца припадници на ромската заедница во општината.
- Општина Берово алоцираше вкупно 4,612.500 МКД за различни активности.
- Општина Битола го прифати барањето за инфраструктурни зафати на улица Љубојно и алоцираше вкупно 4,154.923 МКД.
- Општина Виница го прифати предлогот за асфалтирање на улица Македонија, но без известување на конкретен буџет.
- Општина Кавадарци алоцираше буџет за реконструкција на улички во ромски населби
- Општина Кочани го прифати предлогот за асфалтирање на улички во ромските населби и тоа следните ...
- Општина Струмица алоцираше вкупно 2.000.000 МКД за асфалтирање на улички и други активности во ромски населби.



# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Попис
- 14 локални петиции за буџетска алокација
- Предлог програма наменета за Владата за 2022 година
- Организирани 17 средби со општините и заедницата
- Комуникација со меѓународните фактори
- Стратегија за Роми
- Македонскиот дигитален речник
- Етничка припадност во лични карти
- Правична застапеност
- Полициска бруталност
- Дадена поддршка на заедницата

## ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА НАМЕНЕТА ЗА ВЛАДАТА ЗА 2022 ГОДИНА

Ромалитико поднесе предлог до Национална точка за Роми во форма на кратка програма која е вклучена во Програмата на Владата за 2022 година. Предлогот ги содржеше следните барање:

- Креирање на новата Стратегија за Роми и локални акциони планови
- Подобрување на институционалната рамка за имплементација на Стратегијата за Роми
- Креирање на програма за фасцилитирање на процесот на вработување во јавната и државната администрација, како и подобрување на методологијата за вработување во јавниот сектор
- Воспоставување на дисперзирани канцеларии на Агенцијата за вработување во општина Шуто Оризари и реализација на заеднички проект со МТСП за ангажирање на 3 лица во овие канцеларии
- Систематизација на образовните и здравствените медијатори
- Урбанизација на ромските населби преку годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови (вклучување во ГУП, изработка на ДУП)
- Подготовка на Закон за социјално домување
- Поддршка за легализација на дивоизградените објекти на ранливите категории од ромската заедница
- Изградба на типски куќи за ромски семејства кои живеат во екстремно лоши услови или немаат живеалиште
- Обезбедување на комунална инфраструктура – асфалтирани патишта, пристапна водоводна и канализациона мрежа во ромските населби
- Развивање на програма за инклузија на деца на улица, повратници и деца на возраст од 7-14 во основно образование
- Промена на Законот за здравствено осигурување за вклучување на лицата без документи во здравствениот систем
- Обезбедување на амбулантно возило за потребите на амбулантата во Шуто Оризари
- Создавање на услови за промоција на ромската култура, ромскиот јазик и традиција
- Препознавање на терминот антициганизам во јавните политики и домашното законодавство
- Адресирање на проблемот со неевидентираните лица и лицата без државјанство преку нов законски одредби
- Обезбедување на центар за деца на улица

## КОМУНИКАЦИЈА СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ФАКТОРИ

Во однос на претставувањето на интересите на ромската заедница до меѓународните фактори беа комуницирани перспективите на ромската заедница. Ромалитико и во текот на 2021 година одржуваше комуникација со дипломатските мисии во Република Северна Македонија. Главните комуницирани области се соодветна и правична застапеност, легализација на ромските населби и алармирање за состојбата со безбедноста на заедницата во државата. Дипломатските мисии беа исто така информирани и за состојбите во текот на пописот, како и манипулациите кои се случуваа на терен. Од страна на Ромалитико беше подготвен документ за политики испратен до Британската Амбасада и исто така Ромалитико оствари и состанок со мисијата на ОБСЕ во однос на попис кампањата и манипулациите на терен.

Во текот на 2021 година Ромалитико продолжи да ги следи европските препораки кон Република Северна Македонија и подготви кратка анализа и инфографик во однос на главните препораки нотирани во Европскиот Прогрес Извештај. Сите забелешки коишто се нотирани во Европскиот Прогрес Извештај во однос на ромската заедница се забелешки кои Ромалитико ги има истакнато во Извештајот во Сенка во однос на спроведувањето на Стратегијата за Роми 2016-2020.

Преку имплементацијата на УСАИД проектите, Ромалитико исто така подготви и испрати предлог потребни заложби до Амбасадата на САД во Северна Македонија во текот на 2022 година.



# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Попис
- 14 локални петиции за буџетска алокација
- Предлог програма наменета за Владата за 2022 година
- Организирани 17 средби со општините и заедницата
- Комуникација со меѓународните фактори
- Стратегија за Роми
- Македонскиот дигитален речник
- Етничка припадност во лични карти
- Правична застапеност
- Полициска бруталност
- Дадена поддршка на заедницата




### СТРАТЕГИЈА ЗА РОМИ

Ромалитико во текот на 2021 година оствари состаноци со клучни институции во однос на имплементацијата на Стратегијата за Роми 2016-2020 и спроведе консултативен процес во однос на новата Стратегија за Роми. Ромалитико во текот на 2021 година ја изработи новата Стратегија за Роми којашто беше вклучена за консултации и која се очекува да биде усвоена во текот на 2022 година.

### МАКЕДОНСКИОТ ДИГИТАЛЕН РЕЧНИК

Ромалитико преку движењето Аваја реагираше во однос содржаните зборови “циганче”, “поцигани”, “циганчи се”, “циганштија”, “циганштилак” во дигиталната верзија на Толковниот речник на македонски јазик. Во соопштение за јавноста беше истакнато дека сите овие зборови се користат како навредливи зборови кон ромската заедница и дека со внесувањето на овие зборови во дигиталниот речник навредите добија дигитализација. Во однос на реакцијата, од Владата на РСМ и од Министерството за образование и наука добивме одговор дека стручниот тим на Институтот за македонски јазик постигна согласност наведените зборови да бидат повлечени.

### ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ВО ЛИЧНИ КАРТИ

Во текот на 2021 година Владата објави предлог за внесување на етничката припадност во личните карти. Во однос на овој предлог Ромалитико ги повика поднесувачи на предлогот измените на законот, пратениците, Претседателот на Владата и Претседателот на државата да не го прифатат овој предлог. Ромалитико се спротивстави на предлогот поради историски аспекти и можноста за етничко профилирање на ромската заедница. За неприфатеноста на овој предлог беа известени и дипломатските претставништва во Северна Македонија.

**Линк**: https://www.slobodenpecat.mk/institut-romalitiko-istorijata-pokazha-deka-etnichkata-registraczijata-vodi-kon-getoizirane-i-istrebuvane/

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во текот на месец јуни 2021 година Ромалитико ја објави анализата за соодветна и правична застапеност на Ромите во јавната администрација 2016, 2017 и 2018 година. Анализата претставува сеопфатна анализа и приказ на соодветната и правичната застапеност на ромската заедница во државната и јавната администрација која вклучува анализа на законските одредби и анализа на обработените податоци добиени од институциите.

Во делот на државни органи од вкупно 187 институции, Ромите не се застапени во вкупно 64 институции. Вкупниот број на вработени Роми во јавните претпријатија за 2016 изнесува 256 вработени, во 2017 изнесува 270 вработени а во 2018 изнесува 262 вработени Роми. Во делот на општини од вкупно 81 општина, Ромите не се застапени во 64 општини. Вкупниот број на вработени Роми во општините во 2016 и 2017 година, а во 2018 година имало вкупно 47 Роми вработени во 17 општини. Во делот на јавни установи од вкупно 887 институции, Ромите не се застапени во 709 установи.

Вкупниот број на вработени во јавните установи во 2016 година изнесува 378 вработени, во 2017 година 398 вработени и во 2018 година 447 вработени Роми. Во делот на јавните претпријатија од вкупно 124 институции, Ромите не се застапени во вкупно 54 институции. Вкупниот број на вработени Роми во јавните претпријатија за 2016 изнесува 551 вработен, во 2017 изнесува 546 вработени а во 2018 изнесува 610 вработени Роми. Во однос на јавните претпријатија, процентот на вработени Роми е најголем и изнесува 3.4%, меѓутоа таа застапеност се должи на презастапеноста на Ромите во јавните комунални претпријатија.

Во декември 2021, Ромалитико изврши обработка и на податоците за 2019 и 2020 година. Според податоците во 2019 и 2020 година во вкупно 121 државна институција нема вработено Роми, во 2019 во вкупно 66 општини нема



# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Попис
- 14 локални петиции за буџетска алокација
- Предлог програма наменета за Владата за 2022 година
- Организирани 17 средби со општините и заедницата
- Комуникација со меѓународните фактори
- Стратегија за Роми
- Македонскиот дигитален речник
- Етничка припадност во лични карти
- Правична застапеност
- Полициска бруталност
- Дадена поддршка на заедницата

вработено Роми, додека во 2020 година нема вработено Роми во вкупно 63 општини. Во 2019 година нема вработено Роми во вкупно 721 јавна установи, додека во 2020 година оваа бројка се намали на 712 установи. Во 2019 и 2020 година нема вработено Роми во 75 јавни претпријатија. Со цел да се исполни процентот на правична застапеност потребни се следните вработувања, 553 вработувања во државни институции, 136 вработувања во општините, 2137 вработувања во јавни установи и 567 вработувања во јавни претпријатија.

**Линк:**
https://romalitico.org/images/istrazjuvanja/Analiza_soodvetna_pravichna_zastapenost_Romi_2016_2017_2018.pdf

## ПОЛИЦИСКА БРУТАЛНОСТ

Во текот на 2021 година, преку Аваја, Ромалитико будно го следеше случајот полициска бруталност во Битола. Судењето за првиот случај во кој како жртва се јавува Невзат Јашаровски по неколку рочишта заврши со донесување на првостепена одлука од Основниот Кривичен Суд Скопје со која полицискиот службеник беше прогласен за виновен и беше осуден на една година казна затвор за сторено кривично дело малтретирање при вршење на служба. Оваа пресува претставува прва пресуда која определува затворска казна за полициски службеник во случај во кој како жртва се јавува лице од ромска етничка припадност. По донесувањето на пресудата Аваја организираше протестен марш “Марш за Правда” со цел искажување на поддршка за донесената одлука. Случајот полициска бруталност привлече големо медиумско внимание.

## ОРГАНИЗИРАНИ 17 СРЕДБИ СО ОПШТИНИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА

Организирани 17 средби со градоначалници и претставници на локалната самоуправа. Целта на овие средби беше да се запознае локалната власт со проектот и да се презентираат планираните активности и преку потпишувањето на меморандум за соработка да се обезбеди поддршка во реализација на локални акции од интерес на заедницата и спроведувањето взаемни активности со цел да се даде придонес кон инклузијата на Ромите на локално ниво, како и креирање и имплементирање на идејни решенија во согласност со потребите на локалната заедница.

Во ноември и декември 2021 година спроведе средби со заедницата на Роми во 17 општини. На средбите учествуваа претставници од заедницата на Роми од различни профили и ниво на образование, вклучително млади Роми, Ромки, претставници на Ромски граѓански организации, студенти и тн. Целта на средбите беше да се допре до заедницата преку отворена дискусија за локалните проблеми и приоритетни прашања кои бараат итно решавање, како примарен извор на податоци, а во исто време и да се поттикне нивниот интерес и мотивација за учество во проектните активности.

## ДАДЕНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

Преку активностите на бизнис фасцилитаторите 900 Роми добија информации во врска со активните мерки за вработување. Исто така 16 Роми беа поддржани да подготват бизнис планови и да аплицираат за грантови во Агенцијата за вработување. Од лицата коишто аплицираа 43 Роми потпишаа договор со Агенцијата за вработување за грантови кои изнесуваат 5,000 – 10,000 евра.

Преку активностите на правните монитори вкупно 640 Роми добија информации за јавните сервиси, додека пак 87 Роми добија директна поддршка во различни случаеви (социјална заштита, лични документи, попис, документација поврзана со образование и сл.). Исто така беа идентификувани 306 случаеви од кои 109 имаат веќе легализиран објект а 197 случаеви сеуште немаат решен статус на легализиран објект.



# АНАЛИЗИ, ИСТРАЖУВАЊА И СЛИЧНО

- Истражување за степенот на доверба помеѓу етничките заедници
- Говорот на омраза на социјалните мрежи и неговото влијае врз ромската заедница
- Соодветна и правична застапеност во државната и јавната администрација за 2016, 2017 и 2018 година
- Анкета за вакцинацијата од Ковид19
- Искористеност на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница
- Геолоцирање, мапирање и проектирање на ситуацијата на ромската заедница во државата



1. Ромалитико спроведе Истражување за степенот на доверба помеѓу етничките заедници коишто живеат во Република Северна Македонија. За изработка на истражувањето беше спроведена анкета одговорена од вкупно 635 испитаници (275 женски и 360 машки), припадници на различни етнички заедници коишто живеат на територија на Република Северна Македонија. Истражувањето дава историски контекст во однос на етничките заедници кои живеат во државата, врши анализа на податоците според етничките карактеристики и го опишува степенот на доверба помеѓу различните етнички заедници според пол, степен на образование, работен статус и религиска припадност. Истражувањето дава сумирани заклучоци и препораки за зголемување на довербата кон креаторите на политики.

Линк: https://bit.ly/36agPEd

2. Ромалитико спроведе анализа на тема Говорот на омраза на социјалните мрежи и неговото влијае врз ромската заедница. Целта на анализата е да се согледа говорот којшто се користи на социјалните мрежи кон ромската заедница. Првиот дел од анализата се однесува на најчесто користените изрази на омраза кон ромската заедница и влијанието кое може да го предизвика таквиот говор. Во вториот дел се објаснува правната рамка на Северна Македонија, политиките на Европската Унија и пристапот на Судот за Човекови Права од Стразбур во однос на говорот на омраза на социјалните мрежи. Последниот дел се состои од заклучок и препораки во однос на законски измени, како и воведување на политики во различни области кои ќе придонесат кон зголемена толеранција и пониско ниво на говор на омраза. Главната препорака и потреба е криминализирање на антициганизмот како посебен вид на расизам во Кривичниот Законик.

Линк: https://bit.ly/35MMNGO

3. Ромалитико ја објави својата анализа на тема соодветна и правична застапеност во државната и јавната администрација за 2016, 2017 и 2018 година. Ромалитико исто така изработи нов Извештај за соодветна и правична застапеност во државната и јавната администрација за 2019 и 2020 година која беше промовирана во декември 2021.

4. Во периодот од 30 Април до 2 Мај, Ромалитико како дел од Аваја спроведе анкета за вакцинацијата од Ковид19. По случаен избор анкетата беше испратена до 2525 следачи на Аваја при што стапката на одговори изнесува 30.2% односно 765 лица од кои 239 Роми и 526 не-Роми.

Линк: https://bit.ly/3hXMhs0

5. Во 2021 година Ромалитико заедно со Хера ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари спроведе истражување насловено „Искористеност на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница“. Во рамки на истражувањето беа опфатени 950 испитаници од ромската заедница во 16 општини низ земјата. Според истражувањето 92% од Ромите не поднесуваат жалба кога добиваат негативно решение за користење на социјално право, воглавно поради недовербата во институциите, некомплетна документација и други причини. 36% од испитаниците не ги разбираат условите и критериумите за остварување на одредено право. 68% од Ромите сметаат дека достапноста на информациите би се зголемила доколку во центрите се вработат Роми. Најголемо зголемување на бројот на корисници Роми има во однос на гарантирана минимална помош, од 4161 во 2019 година на 5279 во 2020 година.

Линк: https://drive.google.com/file/d/1A33mddRwGJCdMs2qoPyPdDZTw8S5jMJC/view

6. Проеку проектот Заедно за просперитетна заедница, Ромалитико преку локални средби и форуми со заедницата направи Мапирање на приоритетите на заедницата.




# МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА И НАСТАНИ

- Состанок со Претседателот на РСМ, г-дин Стево Пендаровски
- Барвалипе Академија
- Ациската работна група обучена за Стратешко планирање и граѓанско учество на локално ниво
- Новоформирана локална структура на проектот Заедно за просперитетна заедница
- Официјален почеток на втората фаза на РОМАКТЕД програмата во Северна Македонија
- Обука за Партиципативно буџетирање на локално ниво – одговорно кон Ромите
- Конференција за презентирање за истражувања

7 Во рамки на Ромактед проектот се изработи Финален извештај од спроведување на активноста за зголемување на информираноста за важноста од вакцинација против КОВИД 19 и состојбата кај Ромите во Северна Македонија. Според извештајот како резултат на сите активности (информативни сесии и теренски активности) во периодот од октомври и ноември, бројот на вакцинирани Роми во опфатените општини се зголеми за околу 2570 лица, додека пак бројот на лица кои одбиваат да бидат вакцинирани се намали за 558 лица.

Линк: https://drive.google.com/file/d/1KVd5gH3IDvsEIPFMj2pQYP0VrjpGftud/view

8 Во текот на кампањата за пописот тимот на Ромалитико, како дел од Аваја, работеше на геолоцирање, мапирање и проектирање на ситуацијата на ромската заедница во државата. Овој комплексен процес на проектирање допринесе за креирање на стратегијата за кампањата попис и за на изработка на интерактивна мапа.

Линк: "Проекција на ромската популација 2021" https://avaja.org/%d0%bf%d0%be%d0%bf%d0%b8%d1%81-2021/

## МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Во рамки на проектот на УСАИД за инклузија на Роми, Ромалитико има потпишано вкупно 11 меморандуми за соработка: Кавадарци, Куманово, Крива Паланка, Струмица, Велес, Виница, Ѓорче Петров, Гостивар, Радовиш, Кочани, Штип.

Во рамки на проектот Заедно за просперитетна заедница во ноември и декември 2021 година беа потпишани 7 меморандуми за соработка во следните општини: Шуто Оризари, Кочани, Виница, Берово, Неготино, Кавадарци, Штип, Битола, Куманово, Ѓорче Петров, Велес и Прилеп. Како дел од граѓанското движење Аваја, Ромалитико потпиша меморандум за соработка со Министерството за здравство. Со овој меморандум ќе се обезбеди амбулантно возило и вработување на две медицински сестри.

## НАСТАНИ

### СОСТАНОК СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РСМ, Г-ДИН СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ

На оваа средба се дискутираа темите соодветна и правична застапеност, имплементација на Стратегијата за едно општество, очекуваниот попис и се споделија информации за делувањето на Ромалитико и на граѓанското движење Аваја.

### БАРВАЛИПЕ АКАДЕМИЈА

Целта на Барвалипе Академијата е да зголеми лидерскиот капацитет на 60 селектирани учесници во профилот на мобилизатори, бизнис фасцилитатори и правни монитори. Барвалипе Академијата во текот на 2021 година се спроведе во вкупно пет модули.

1 Првиот модул на Барвалипе Академијата се одржа преку онлајн платформата ZOOM. На овој модул учествуваа вкупно 60 селектирани лица. На овој модул правните монитори добија знаење во однос на темите пристап до правда, човекови права и правна помош, бизнис фасцилитаторите во однос на улогата како бизнис фасцилитатор, додека мобилизаторите на заедницата развија знаење во однос на теориите и моделите за организирање.

2 На вториот модул од Барвалипе Академијата правните монитори добија знаење од областа на правни лекови и како треба да се асистира на лицата без документација, бизнис фасцилитаторите во однос на деловни модели и структурни трошоци, додека мобилизаторите на заедницата поминаа тренинг на активизам.

3 На третиот модул од Барвалипе Академијата правните монитори добија знаење од областа на правно застапување, бизнис фасцилитаторите во однос на бизнис план, маркетинг истражување и финансиска проекција, додека мобилизаторите на заедницата поминаа тренинг на дигитално организирање.

# МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА И НАСТАНИ



- Состанок со Претседателот на РСМ, г-дин Стево Пендаровски
- Барвалипе Академија
- Ациската работна група обучена за Стратешко планирање и граѓанско учество на локално ниво
- Новоформирана локална структура на проектот Заедно за просперитетна заедница
- Официјален почеток на втората фаза на РОМАКТЕД програмата во Северна Македонија
- Обука за Партиципативно буџетирање на локално ниво – одговорно кон Ромите
- Конференција за презентирање за истражувања

4 Четвртиот модул од Академијата се одржа во Охрид од 25 јуни до 27 јуни 2021 година на кој учествуваа вкупно 39 селектирани учесници. Сите учесници поминаа обука во однос на лидерство и тимбилдинг активности. Правните монитори добија обука во однос на поднесување на претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, бизнис фасцилитаторите во однос на маркетинг и брендинг и мобилизаторите на заедницата во однос на кампањи и граѓанско учество на локално ниво.

5 Петтиот модул на Барвалипе Академијата се спроведе во текот на месец ноември преку ZOOM платформата. За правните монитори се организираше модул со адвокат однос на механизмите поврзани со лицата без документи. За мобилизаторите на заедницата беше организиран модул со експерт во однос на изборниот процес и локалната власт. За бизнис советниците беше организиран модул во однос на креирање на маркетинг план и стратегија.

## АЦИСКАТА РАБОТНА ГРУПА ОБУЧЕНА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО

На 25 и 26 ноември 2021 во рамки РОМАКТЕД програмата, Ромалитико и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје спроведоа обука за Стартешко планирање и граѓанско учество на локално ниво. Обуката беше наменета за членовите на Акциската локална група и локалната заедница во 15те партнер-општини: Крива Паланка, Струмица, Шуто Оризари, Дебар, Кочани, Битола, Велес, Виница, Штип, Делчево, Берово, Кичево, Тетово и Прилеп. Во рамки на овие обуки беа опфатени формите на граѓанско учество на локално ниво, вовед во стратешко планирање, поставување на цели и приоритети, начини на организирање на заедницата на локално ниво. Целта на обуката за Акциската работна група беше зајакнување на нивните капацитети и вештини во процесот на планирање, во процесот на подготовка на цели и приоритети на локално ниво како нивно активно учество во работата на локалнта самоуправа.

## ОФИЦИЈАЛЕН ПОЧЕТОК НА ВТОРАТА ФАЗА НА РОМАКТЕД ПРОГРАМАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 10 декември 2021 во рамки на втората фаза на РОМАКТЕД програмата „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво" се одржа промотивен настан на кој беа потпишани Меморандуми за соработка помеѓу Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политикаи и општините партнери во имплементацијата на оваа програма.

## ОБУКА ЗА ПАРТИЦИПАТИВНО БУЏЕТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО – ОДГОВОРНО КОН РОМИТЕ

На 6 ноември 2021 година во рамки на програмата се одржа обука за Партиципативно буџетирање на локално ниво – одговорно кон Ромите каде земаа учество 25 теренски соработници од Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите и 6 граѓански организации и фасцилитатори од втората фаза на РОМАКТЕД програмата. На обуката се обработија следните теми: партиципативно буџетирање и неговото значење, состојбата и предизвиците со партиципативното буџетирање на локално ниво, буџет, буџетски процес и временски рамки на локално ниво, облици и форми на партиципативно буџетирање и значајноста на потребите на локално ниво.

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊА

На 21 декември 2021 во Скопје во хотел Мериот, Ромалитико одржа конференција на која се презентираше Истражувањето за искористеност на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница спроведено од страна на Ромалитико, HERA и Иницијатива на жени од Шуто Оризари и Извештајот за соодветна и правична застапеност на Роми во државната и јавната администрација за 2019 и 2020 година.



# МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА И НАСТАНИ

- Состанок со Претседателот на РСМ, г-дин Стево Пендаровски
- Барвалипе Академија
- Ациската работна група обучена за Стратешко планирање и граѓанско учество на локално ниво
- Новоформирана локална структура на проектот Заедно за просперитетна заедница
- Официјален почеток на втората фаза на РОМАКТЕД програмата во Северна Македонија
- Обука за Партиципативно буџетирање на локално ниво – одговорно кон Ромите
- Конференција за презентирање за истражувања















# НАСТАНИ И КАМПАЊИ

- Кампања за 8 Април
- Серијал картички "Имам прашање за општината"
- 8 Април – знамиња по општините
- Кампањата "Спознај ги твоите права"
- 2-ри август – денот на одбележување на Геноцидот врз Ромите

### НОВОФОРМИРАНА ЛОКАЛНА СТРУКТУРА НА ПРОЕКТОТ ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА

Во рамки на проектот Заедно за просперитетна заедница, Ромалитико на 24-26 декември 2021 година во Хотел Парк Скопје спроведе обука за новоформираната локална структура од 24 консултанти. Целта на обуката беше да ги зајакне капацитетите на локалната структура со знаење и вештини за соодветно извршување на активностите предвидени со проектот. Стекнатото знаење од оваа обука понатаму ќе им служи за соодветно извршување на задачите поврзани со ефикасно мобилизирање на заедницата, идентификација на потреби и приоритети и идентификација на засегнати страни.

## КАМПАЊИ

### КАМПАЊА ЗА 8 АПРИЛ

Кампањата вклучи информирање на јавноста за значајните дати и факти за ромската заедница поврзани за историјата на Ромите, културата и потеклото на Ромите. Факт картичките се споделуваа од 1 април до 8 април 2021 година на социјалната мрежа Фејсбук. Кампањата вклучи и изјави од 17 ромски активисти за значењето на Меѓународниот ден на Ромите за нив.

Линк: https://bit.ly/3CFVXAL

### СЕРИЈАЛ КАРТИЧКИ "ИМАМ ПРАШАЊЕ ЗА ОПШТИНАТА"

Од месец февруари 2021 година до 12 општини беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер. Фокусот на барањата беше ставен кон тоа дали во буџетите на општините има издвоени средства наменети за ромската етничка заедница, како и прашања поврзани со предлозите испратени од граѓанската иницијатива „Аваја", односно дали предлозите се прифатени од страна на општините. Од вкупно 12 општини, 11 одговориа, а согласно одговорите беа изготвени и картички коишто беа објавени на Фејсбук страницата на Институтот „Ромалитико".

Линк: https://bit.ly/3KH4VAy

### 8 АПРИЛ – ЗНАМИЊА ПО ОПШТИНИТЕ

Ромалитико, преку граѓанското движење Аваја, достави 20 барања за поставување на ромското знаме во општините за одбележување на Меѓународниот ден на Ромите – 8 Април. Од поднесените барања, ромското знаме беше поставено во вкупно 10 општини (Берово, Кичево, Дебар, Тетово, Битола, Прилеп, Виница, Штип, Гостивар) меѓу кои и Скопје пред Владата на РСМ.

### КАМПАЊАТА "СПОЗНАЈ ГИ ТВОИТЕ ПРАВА"

Фокусот на оваа кампања се однесуваше на споделување на информации во врска со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени. Во рамки на кампањата се подготви Прирачник во однос на законската процедура наменета за правните монитори. Во текот на 2021 година оваа кампања главниот фокус го имаше на лицата без документи и на давање на поддршка во процесот на вадење на документација. Во рамки на кампањата се изработија факт картици во однос на правата кои се достапни до лицата без документи. Беше изработено и видео кое ја прикажува состојбата на лицата без документи.

Линк: https://www.facebook.com/watch/?v=291275542800731

### 2 АВГУСТ – ДЕНОТ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГЕНОЦИДОТ ВРЗ РОМИТЕ

Ромалитико во рамки на проектот на УСАИД за инклузија на Ромите организираше настан во градскиот парк во Скопје. На настанот се прикажа документарниот филм "A People Uncounted". Воедно, од 27 јули до 2 август се споделуваа факт картички за Геноцидот врз Ромите. Ромалитико, како дел од Аваја, заедно со општина Шуто Оризари и РРОМА организираше садење на три дрва во дворот на градинката 8 Април. Дрвата ќе претставуваат симбол на сеќавање на геноцидот.



# НАСТАНИ И КАМПАЊИ

- Кампања за 8 Април
- Серијал картички "Имам прашање за општината"
- 8 Април – знамиња по општините
- Кампањата "Спознај ги твоите права"
- 2-ри август – денот на одбележување на Геноцидот врз Ромите










Romalitico ROMA POLICY ANALYSIS

**Имам прашања за**
**Општина Битола**

AVAJA

*Датум на пристигнат одговор: 23.2.2021*

Р: Дали општината има издвоено буџет за Роми?

**Одговор од Општина Битола: Општината нема можност за посебен буџет за одредена националност, буџетот е за сите граѓани. Конкретно, за населението од ромската заедница има средства во програмата за социјална заштита преку проектот „Здравје на Ромите 2" - Еразмус проект, инклузија на деца Роми во детските градинки (програма за социјална заштита 2021), а во тек е и потпишување на договор за проект БАИР - Здружена акција за вклучување на Ромите, финансиран од ЕУ.**

Р: Ве молиме да не информирате, дали во новиот усвоен буџет за 2021-ва година се инкорпорирани предлозите доставени од граѓанската иницијатива „Аваја"?

Предлог бр. 1
1. Инфраструктурно уредување на улицата „Љубојно" (крајната уличка на бр.38 и 46) со буџет од 2.000.000,00 денари.

Предлог бр.2
2. Чистење на атмосферскиот канал во населба „Баир" 1.000.000,00 денари.

**О.Битола: Ве известуваме дека со програмата за уредување на градежно земјиште за оваа тековна година предвидени се 4.154.923,00 денари за инфраструктурно уредување на ул. „Љубојно". Додека пак, чистење на атмосферскиот канал во нас. „Баир" не е предвиено со програмата за оваа година, но барањето се разгледува.**

Предлог бр. 2
2. Вработување на две лица од Ромска националност за одржување на спортско игралиште и околината околу урбаната заедница „Димитар Влахов" со буџет од 516.000,00денари.
**О.Битола: Околу ова прашање, никогаш немало ваков план или средства испланирани во некоја програма. Таму ќе има активности преку проектот за Баир - Здружена акција за вклучување на Ромите.**

Податоците се обезбедени по доставено барање за пристап до јавни информациии до Општина Битола



# ПРОТЕСТИ И ПРИСУТНОСТ НА МЕДИУМИ

- Протест за убиството на Станислав Томаш
- Марш за Правда
- Утринска програма на МТВ1
- Утринска на Телма
- Утринска програма на ТВ Сител
- Објави на портали



### ПРОТЕСТ ЗА УБИСТВОТО НА СТАНИСЛАВ ТОМАШ

Тимот на Ромалитико активно учествуваше во организирањето на протестот на Станислав Томаш пред Чешката Амбасада во Скопје. Протестот беше организиран на 3 јули 2021 година. На протестот учествуваа околу 1000 лица. Преносот во живо беше проследен од страна на 126,000 профили на социјалната мрежа facebook. Протестот исто така беше и промовиран на вкупно 28 портали и ТВ станици.

### МАРШ ЗА ПРАВДА

Во текот на месец ноември 2021 година по објавувањето на пресудата во однос на случајот полициска бруталност Битола се организираше протестен марш “Марш за Правда” во Скопје. Маршот започна пред Кривичниот Суд и заврши пред Основното Јавното Обвинителство. Во текот на маршот се испрати порака дека ромската заедница е задоволна од донесената пресуда и дека се очекува пресудата да биде потврдена од страна на Апелациониот Суд. Следната порака која се прати е дека

Основното Јавно Обвинителство треба да ги процесира пријавите до другите учесници полицајци во случајот. На маршот учествуваа околу 800 лица од различни градови и маршот доби големо внимание од јавноста.

## ПРИСУСТВО НА МЕДИУМИ

Марија Сулејманова во текот на месец март на утринската програма на МТВ1 ја претстави кампањата “Горди Роми во Слободна Македонија” – попис 2021 година. Дениз Селмани и Алберт Мемети во текот на месец април зборея за важноста на пописот за Ромите во интервју на VOA – Гласот на Америка. Елвис Шаќири во текот на месец мај го истакна својот став во однос на дигиталниот речник на ТВ 24 на емисијата 25 минути.

Програмските менаџери на Проектот на УСАИД за Инклузија на Ромите во текот на месец август по повод 2-ри август – Ден за сеќавање на Холокаустот врз Ромите гостуваа на утринската програма на Сител ТВ. Шенас Имер и Кенан Таир во текот на месец ноември по повод Денот на ромскиот јазик – 5ти ноември гостуваа на Телма ТВ каде што говореа за ромскиот јазик неговото зачувување и потребните мерки за зачувување на јазикот. Мухамед Ајваз во текот на декември месец беше гостин на емисијата Утринска на Телма каде што ја презентираше работата на Проектот на УСАИД за Инклузија на Ромите и говореше на тема на инфраструктурни проблеми и проблемите со кои се соочуваат лицата без документи. Резултатите од Истражувањето за искористеност на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница спроведено од страна на Ромалитико, HERA и Иницијатива на жени од Шуто Оризари и Извештајот за соодветна и правична застапеност на Роми во државната и јавната администрација за 2019 и 2020 година беа сумирани на МИА.mk.

Работата на Ромалитико и застапувањето на потребите преку граѓанското движење Аваја во текот на 2021 година се одвиваше активно со тоа што објавите беа објавувани на многу портали и пренесувани на емисии на ТВ. Во текот на 2021 година има вкупно 164 нотирани објави на портали и ТВ емисии и вести за различни теми (полициска бруталност, протести, попис кампања, лица без документи, законот за лични карти и сл.).

**На официјалната страница на Фејсбук, Ромалитико 2.786 следбеници, 553 следбеници на Твитер и 494 следбеници на Инстаграм.**

# ПРОТЕСТИ И ПРИСУТНОСТ НА МЕДИУМИ

- Протест за убиството на Станислав Томаш
- Марш за Правда
- Утринска програма на МТВ1
- Утринска на Телма
- Утринска програма на ТВ Сител
- Објави на портали










